РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Ул.„7-ми септември“ бр.4 тел:045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **03.08.2012 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 7 – 2012 год.** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на измената и дополната на Програмата за Урбанистичко планирање на територијата на општина Македонски Брод за 2012 година**

Се прогласува **измената и дополната на Програмата за Урбанистичко планирање на територијата на општина Македонски Брод за 2012 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.07.2012 година.

Бр.08- 524/11
03.08.2012 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на измената и дополната на Програмата за Урбанистичко планирање на територијата на општина Македонски Брод за 2012 година**

Се прогласува **измената и дополната на Програмата за Урбанистичко планирање на територијата на општина Македонски Брод за 2012 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржан на ден 27.07.2012 година.

Бр.08- 524/11
03.08.2012 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање-пречистен текст(„Сл.весник на РМ “60/11) член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ “ бр.5/2002) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод “ бр.02/03 ,Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 27 јули 2012 година донесе:

**ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА**

# ПРОГРАМА

## ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2012 ГОДИНА

## ВОВЕД :

Се изменува и дополнува Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2012 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод бр. 07-146/4 од 28.02.2012 година.

### Б.ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

**-Измена и дополна на Деталниот урбанистички план (ДУП) „Блок-2“ за Македонски Брод,за Градежна парцела (ГП) 10.12,КП бр.3743/2 за КО Македонски Брод.**

### 5.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Останатите одредби од Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2012 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод бр. 07-146/4 од 28.02.2012 година остануваат непроменети

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод

Бр.07- 524/ 4
27 .07. 2012 год.
Македонски Брод

ПРЕТСЕДАТЕЛ
. на Советот на Општина Македонски.Брод
Драге Јосифоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на измената и дополната на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Македонски Брод за 2012 година**

Се прогласува **измената и дополната на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Македонски Брод за 2012 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.07.2012 година.

Бр.08- 524/4
03.08.2012 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА

# П Р О Г Р А М А Т А ЗА ИЗГРАДБА,РЕКОНСТРУКЦИЈА,ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2012ГОДИНА

Јули 2012, Македонски Брод

Врз основа на член 22 став 1 и точките 1 и 4 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа на РМ (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 84 т.1 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.17/2011год.) и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03),Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 27 јули 2012 година, донесе:

# ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА П Р О Г Р А М А ТА

## за изградба , реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2012 година

**1.**На Програмата за изградба,реконструкција,одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2012 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод бр.07-980/3 од 30.11.2011г се врши изменување и дополнување во :

**Т.2. Изградба ,модернизација и реконструкција на улици** се врши дополнување на активностите и тоа:

**-Изградба на пешачка патека од пешачки мост на р.Треска до ул.„Даме Груев“ и партерно уредување на платото кај пешачкиот мост.**

**-Доасфалтирање на улици ( Јован Попоски , Сиљан Сиљаноски –Никола , Бранко Пројкоски и Илинденска ) во нас.“Сувенир“ с.Самоков во должина од 320 м.**

Останатите одредби од Програмата остануваат непроменети.

**2. Завршна одредба**

Ова изменување и дополнување на Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07- 524/ 5**

**27 .07.2012г.**

Македонски Брод

**Совет на Општина Македонски Брод**

**Претседател,**

**Драге Јосифоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица за мобилна телефонија на дел КП бр.54 за КО Косово на Друштвото за комуникациски услуги ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје**

Се прогласува **Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица за мобилна телефонија на дел КП бр.54 за КО Косово на Друштвото за комуникациски услуги ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.07.2012 година.

Бр.08- 524/11
03.08.2012 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член член 50-а ст.1 и 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.60/2011 год.), член 22 став 1 и точките 1 и 4 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа на РМ (Сл.весник на РМ бр.05/02), и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03),Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.07.2012 год.ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица за мобилна телефонија на дел од КП бр. 54 за КО Косово на Друштво за комуникациски услуги ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје**

1.Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација (во понатамошен текст:ЛУПД), за објект базна станица за мобилна телефонија на дел од КП бр.54 за КО Косово општина Македонски Брод,за потребите на Друштвото за комуникациски услуги „ВИП ОПЕРАТОР“ ДООЕЛ Скопје за формирање на градежна парцела за изградба на објект базна станица.

2.Друштвото за комуникациски услуги ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ - Скопје да изработи Локална урбанистичката планска документација за изградба на објект базна станица за мобилна телефонија.

3.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

Бр. 07- 524/ 6
27.07. 2012 год.
Македонски Брод

Совет на општина Мак.Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување на Нацрт-Урбанистички план за с.Здуње "Блок - 8" измена и дополна за плански период 2012-2022 година**

Се прогласува **Одлуката за утврдување на Нацрт-Урбанистички план за с.Здуње "Блок - 8" измена и дополна за плански период 2012-2022 година**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.07.2012 година.

Бр.08- 524/11
03.08.2012 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

,

Врз основа на член 24 т.1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 60/2011 год.), член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр.02/03 год.), Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 јули2012 год.ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За утврдување на Нацрт- Урбанистички план за с.Здуње „Блок-8“ - измена и дополна-за плански период 2012-2022 година**

1. Се утврдува Нацрт- Урбанистички план за с.Здуње „Блок-8“-измена и дополна-општина Македонски Брод, за плански период 2012-2022 година изработен од страна на ДООЕЛ„Перкан-Проект“ од Прилеп со тех.бр.31/12 од 06.2012 година со следната содржина:

**Општ дел**

1. Насловен лист
2. Содржина
3. Регистрација на проектанската организација
4. Овластување за носител за изработка на УП
5. Проектанти кои учествувале при изработката на УП
6. Писма од јавни претпријатија
7. Одлука за отпочнување на постапка за изработка на УП
8. Планска Програма

**1.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**
1.1.Аналитички дел –текстови
1.2.Графички прилози
-Извод од постоен ГУП..........................................................................1:2500
-Извод од постоен Детален урбанистички план.........................................1:1000
-Ажурирана геодетска подлога...................................................................1:1000
-Инвентаризација и снимање на вкупниот изграден градежен фонд
и изградена комунална инфрадструктура...................................................1:1000
-Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби....................1:1000
-Инвентаризација и снимање на неизградена ком.инфраст.........................1:1000

**2.ПЛАНИРАН РАЗВОЈ**
2.1.Аналитички дел-текстови
2.2.Графички прилози

-План на намена на земјиштето и градбите................................................1:1000
-Регулационен план........................................................................................1:1000
-Сообраќаен,нивелациски план...................................................................1:1000
-Инфраструктурен план..................................................................................1:1000
-Синтезен план................................................................................................1:1000

2.Графичкиот дел од Нацрт- Урбанистички план за с.Здуње„Блок-8“ - измена и дополна- општина Македонски Брод за плански период 2012-2022 година се чува во одделението за урбанизам и заштита на животната средина при општината Македонски Брод и не се објавува.

3.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

Бр. 07- 524/7
27.07. 2012 год.
Македонски Брод

Совет на општина Мак.Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 јули 2012година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на квартален извештај К1 за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод , К2 –кваратален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 –Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и ЈП основани од општината**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ги усвои К1 за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод , К2 –кваратален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 –Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и ЈП основани од општината

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 524/8 | Совет на општина Македонски Брод

27.07.2012 година | П р е т с е д а т е л,

Македонски Брод | Драге Јосифоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

### За прогласување на Одлуката за посебни издатоци

Се прогласува **Одлуката за посебни издатоци,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.07.2012 година.

Бр.08- 524/11
03.08.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 9 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (СЛ.весник на РМ бр.23/11 и 54/11) член 119 од Законот за општата управна постапка (Сл.весник на ПМ бр.38/05,110/08 и 51/11) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 Јули 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за посебни издатоци**

**Член 1**

За извршен увид на лице место од страна на Комисијата,по поднесените барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти,во текот на постапката се предизвикуваат издатоци.За покривање на тие трошоци се определува износ и тоа:

-за индивидуалните станбени објекти --------------------------------------1.000,00 денари

-за викенд куќи -----------------------------------------------------------------3.000,00 денари

-за стопанските објекти,колективните станбени згради и други ----- --5.000,00 денари

. **Член 2**

Горенаведениот износ ќе се уплатува на жиро-сметка на општина Македонски Брод бр.100000000063095,по извршениот увид на лице место од страна на Комисијата и по издавањето на урбанистичката согласност за објектот,предмет на постапката.

**Член 3**

Од обврска за плаќање на износот од член 1 на оваа одлука,ќе бидат ослободени барателите за утврдување на правен статус на бесправни објекти кои се корисници на социјална помош.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Број 07- 524/9
27.07.2012 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за реконструкција на резервар за вода во с.Звечан**

Се прогласува **Одлуката за реконструкција на резервар за вода во с.Звечан,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.07.2012 година.

Бр.08- 524/11
03.08.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.07.2012 година

# О Д Л У К А

**за реконструкција на резервар за вода во с.Звечан**

**Член 1**

Согласно оваа одлука ќе се изврши реконструкција на резерварот за вода за пиење во с.Звечан.

**Член 2**

Се задолжува одделението за урбанизам да изготви согласно законските прописи за реконструкцијата на резервоарот во с.Звечан.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 524/10**
**27.07.2012година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драге Јосифоски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за прогласување на измената и дополната на Програмата за Урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2012 година .................. стр. 2

Измена и дополна на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2012 година ....................................................................... стр. 3

Заклучок за прогласување на измената и дополната на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2012 година ............................................................................... стр.4

Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2012 година ................................................... стр. 5

Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица за мобилна телефонија на дел КП бр.54 за КО Косово на Друштвото за комуникациски услуги ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје ....................................................................... стр. 7

Одлука за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица за мобилна телефонија на дел КП бр.54 за КО Косово на Друштвото за комуникациски услуги ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје ................................................................................................................................ стр. 8

Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на Нацрт-Урбанистичкиот план за с.Здуње „Блок - 8“ измена и дополна за плански период 2012-2022 година ... стр. 9

Одлука за утврдување на Нацрт-Урбанистичкиот план за с.Здуње „Блок - 8“ измена и дополна за плански период 2012-2022 година .............................................................стр. 10

Заклучок за усвојување на квартален извештај К1 - за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод, К2 – квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 – квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и ЈП основани од општината ............................................................................................ стр. 12

Заклучок за прогласување на Одлуката за посебни издатоци .......................... стр. 13

Одлука за посебни издатоци ........................................................................... стр. 14

Заклучок за прогласување на Одлуката за реконструкција на резервар за вода во с.Звечан ................................................................................................................................ стр. 15

Одлука за реконструкција на резервар за вода во с.Звечан .............................. стр. 16